# Курсеви за англиски јазик и летна школа за јазици за млади на Малта (12-17 години)




## Најбараната летна школа за јазици на море

**Малта** во последните неколку години стана главна дестинација за изучување на англиски јазик.  Секое лето околку 100.000 млади луѓе од цела Европа тука го усовршуваат англискиот јазик. Во оваа некогашна англиска колонија, сеуште се вози на левата страна, но откако во 2004 стана дел од Европската унија, нивниот образовен систем редовно добива најмногу оценки од Европскиот совет.



Малта е идеална дестинација за учење јазик: жителите на оваа островска медитеранска земја се најголемите европски лингвисти. Покрај мајчиниот малтешки јазик, англискиот е втор официјален јазик, а половина од жителите зборуваат и италијански и француски јазик.

Под топлото медитеранско сонце, опкружени со плави бранови, во текот на попладневните часови и викендот, заедно со друштвото од колецот, уживаме во волшебството на чистото

малтешко море и богатата програма која вклучува крстарења, излети и незаборевен провод. Во работните денови, во претпладневните часови слушаме настава, а потоа повторно следи плажа, дружење и забава или прошетка низ најинтересните малтешки места и знаменитости.

## Ова е програма со придружник на групата

**Наменет е за студенти од Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија на возраст од 12 години до 18 години.**






LAL е дел од водечкиот туристички оператор FTI со седиште во Минхен и сигурно е еден од најдобрите јазични едукатори во целиот свет. Оваа групација има повеќе од 30 години искуство во организација на образовни програми за возрасни и летни кампови за млади во најатрактивните места, како што е Малта.

**Колеџ**

**Групација LAL и школата IELS на Малта**

Акредитацијата и угледот на училиштата на Малта се импресивни. **IELS (Institute of English Language Studies)** е еден од основачите на здружението **FELTOM (Federation of English Language Teaching Organisations Malta)** задолжени за оценување на квалитетот и  контрола на работата на предавачите на англиски јазик, како и контрола на самото училиште. Покрај тоа, школата **IELS** е акредитирана од страна на државната Малтешка образовна институција **EFL Monitoring Board** и овластен Кембриџ центар на Малта.

Колеџот IELS на Малта е основан во 1985 година и се наоѓа во центарот на Slime, на само неколку минути пешачење до обалата и шеталиштето со многу продавници и убави

ресторани. Училишната зграда идеално е позиционирана затоа што е сместена во престижниот и мирен дел на градот.

Наставата се одржува во современа училишна зграда која поседува околу 95 современо опремени, климатизирани училници, а студентите имаат на располагање заеднички простории за учење и дружење. Школата е во потполност дигитализирана со интерактивни ,,паметни'' табли за настава, додека е достапен и бесплатен Wi-Fi во сите простории на училишната зграда.

Наставниот кадар го сочинуваат професори, изворни говорници на англиски јазик, а IELS е исто така сертифициран центар за обука на професори за англиски јазик како странски јазик. (*Teacher Training Centre*).




**Сигурноста и поддршката** на студентите во текот на школувањето во странство се најважни, посебно кога се во прашање млади лица. Затоа сите тинејџерски групи имаат **свој придружник**, искусен професор кој е задолжен за грижа и надзор на сите студенти за време на нивниот престој во странство. Придружникот на групата на јазичната мрежа **Verbalisti** е цело време со студентите и надвор од наставните активности.

**Една од главните предности на оваа програма во однос на другите летни школи на Малта, е тоа што студентите се сместени во непосредна близина на училиштето, на само 10-15 минути пешачење. Ова не само што е битно за безбедноста на студентите, туку со тоа се постигнува нивниот престој на Малта да биде по пријатен.**




**Настава**

Наставата се одржува во претпладневните часови, во интернационални класови со најмногу 14 студенти во група. Првиот ден, сите студенти полагаат дијагностички тест, а потоа се распоредуваат во класови според соодветното ниво. Наставниот програм вклучува вежби за конверзација преку игра на улоги (*role play*) и дискусии, како и вежби со слушање и читање.

**Сместување во хотелот Howard**

Колеџот IELS е спосственик на овој модерен хотел. Се работи за квалитетно студентско сместување кое се наоѓа на околу 10-15 минути пешачење од училиштето, во близина на градската плажа и едно од најпопуларните шеталишта на Малта. Тоа шеталиште е едно од омилените места на студентите за дружење и прошетка покрај обалата.

Собите се двокреветни и трокреветни, климатизирани, имаат приватен тоалет и сателитска телевизија. Машината за перешње и сушење облека се користат со доплата од 3,50 Евра по употреба. Собите се чистат еднаш дневно, а хотелот обезбедува постелнини и пешкири.

Бежичниот интернет е бесплатен во лоби барот, додека пак во собите е достапен само со доплата. Престојот е на база полн пансион ( континентален појадок, ланч пакет и вечера ). Доручекот се служи во хотелот Howard, ланч пакетот се добива во училиштето и на вечера се оди во хотелот Plaza кој е оддалечен на околу 5 минути пешачење од Howard хотелот.

Фотографии од хотелот во продолжение:







**Слободно време**

Секое попладне и во вечерните часови, студентите учествуваат во разновидни програми вон наставните активности, чија цел не е само забава и дружење, туку и прилика преку ова дружење да се провери знаењето на англискиот јазик.




Присуството на активностите е задолжително за сите малолетни студенти во програмата, а во текот на престојот на Малта со друштвото од колеџот и под надзор на придружникот на групата, ќе се капете на најубавите плажи на островот, ќе уживате во Aqua парковите, ќе се занимавате со спортови, во придружба на туристичкиот придружник, ќе го посетите главниот град Valletta (изграден од страната на Малтешките витези) и средновековниот град Mdina (тука Бред Пит го снимаше филмот Троја ), а исто така ќе одите и на shopping.

Вечерните часови се резервирани за повеќе забава и дружење, како што се скара и DJ на плажа, пена парти или одење во кино.



**Во продолжение следи пример на вон наставните активности:**

**Понеделник:** Blue Grotto & Dingli Cliffs (после пладне) / Пена party (навечер)

**Вторник:** Посета на Vallette и  5D филм (после пладне) / забава на базен (навечер)

**Среда:** Куглање  – доплата 15 Евра (после пладне)  / крстарење и забава на брод (навечер)

**Четврток:** Уживање на плажа Costa del Sol со скара (после пладне и навечер)

**Петок:** Laser Tag –  доплата 15 Евра (после пладне)  / посета на Buġibba (навечер)

**Сабота:** Крстарење до островот Comino и прочуената плажа Blue Lagoon – доплата 20 Евра (наутро и после пладне) / тематска забава (навечер)

**Недела:** Песочна плажа ( наутро) / спортски активности ( навечер)






**Важна напомена:** Учењето на странски јазик неспоредливо е поефикасен доколку се престојува подолг период и се учи јазикот во земјата во која се зборува јазикот.Затоа со најдобрите школи во светот за изучување на јазик, се договоривме за посебни, ниски цени за студентите на јазичката мрежа кои би сакале да запишат програм во времетраење од 3 и повеќе недели.

**Со јазичкиот институт IELS подготвивме цени со попуст дури и до 350 Евра!**

**Колку подолг курс запишете, толку подголем е попустот!**

**2018 ЦЕНИ ЗА ЛЕТНА ШКОЛА ЗА ЈАЗИЦИ ПО ЛИЦЕ**
(ПРОГРАМ ЗА ВОЗРАСТ ОД 12 ДО 17 ГОДИНИ СО ПРИДРУЖНИК НА ГРУПАТ

| ***Сместување*** | ***Возраст*** | ***Тип на програма и број на часови*** | ***Цена на програмата во Евра*** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Хотелски апартмани полн пансион двокреветне или трокреветни соби со приватен тоалет* | *12-17 години* | *Vacation English plus Summer 20 часови неделно курс+активности + излети+придружник* | *2 недели* | *3 недели* | *4 недели* | *5 недели* |
| | | | *1560* | *2200* | *2890* | *3570* |

- *ПЛАНИРАНО ГРУПНО ПОАЃАЊЕ: 30 јуни, 7 јули, 14 јули и 21 јули*




**Во цената е вклучено:**

Курс по англиски јазик, комплетен наставен материјал, административни трошоци од 60 Евра кои се неповратни, дијагностички тест на почетокот од курсот и сертификат по завршениот курс, сместување во училишната резиденција на база полн пансион, трошоци за регистрација и услуга за придружникот на групата, аеродромски трансфери и голем богат програм за екскурзии и активности (најмалку една целодневна и три полудневни екскурзии неделно).

**Во цената не е вклучено**

Рeристрација 50 Евра, организиран групен авионски превоз, аеродромски такси и патничко осигурување.

**ВАЖНА НАПОМЕНА:**

Овој програм за малолетни студенти може да се реализира исклучително со групен авионски превоз, односно ако студентот купи авионска карта преку туристички агенции ангажирани од страна на компанијата PRODIREKT LLC. Цената на трошоците за превоз во тој случај, ја вклучуваат услугата за придружник на групата во текот на престојот на Малта и цена за авио билети со вкалкулирани аеродромски трансфери (пречек на аеродромот на Малта и такси превоз до сместувањето и обратно). Цената на авионските билети во голема мера зависи од датумот на нивното купување, па Ви препорачуваме што порано запишување на курсот.

**ПРОМОЦИЈА: Запишете ја програмата за курсеви по англиски јазик на Малта од јазичната мреза Verbalisti по цени од 2018 година, за курсевите предвидени во 2019 година.**
**Промоцијата трае до 15.12.2018 година.**